

Ги зафаќа и мажите и жените и иако не е сериозна состојба, понекогаш доведува до анксиозност или депресија. Решението против прекумерното потење е ботоксот

# Со ботокс против потење

Прекумерното потење, хиперхидроза, е состојба која почнува уште пред пубертетот, а потоа продолжува и се влошува. Ги зафаќа еднакво и мажите и жените. Овој тип на примарна хиперхидроза вообичаено е локализиран, ограничен на одреден дел од телото. Хиперхидрозата иако не е сериозна состојба, знае понекогаш да доведе до анксиозност или депресија, вознемирувајќи ја силно личноста. Освен примарната, постои и секундарна хиперхидроза, која е вообичаен знак на некоја болест. Треба да се внимава на ноќното потење како симптом на некои многу посериозни болести, или пак генерализираното потење низ целото тело коешто може да биде знак, на пример, на прекумерно активна тироидна жлезда. Најдобар начин да се ослободите од прекумерното потење, според д-р Андреј Петров, дерматолог во „Аџибадем Систина“, е третманот со ботоксот.

**Кога да се примени терапија со ботокс кај зголемено потење под пазуви?**

- Во оној момент кога антиперспирантите не си ја вршат својата работа и не влијаат врз намалувањето на потењето и непријатната миризба. Во третманот на аксиларната хиперхидроза со успех се користи апликацијата на ботокс, но исто така и во третманот на палмарна и плантарна хиперхидроза. Ботоксот е одобрен од ФДА во Америка за третман на прекумерно потење под пазуви, иако во Британија е одобрен и за третман на прекумерно потење на рацете и нозете, но оваа процедура е прилично болна за разлика од третманот под пазуви кој е безболен.

**Како се изведува процедурата?**

- Прво на местото на апликацијата се става локален анестетик, па кожата се чисто со дезинфициент. Со обележување кожата се дели на петнаесетина квадранти. Директно под пазувите се аплицира ботокс со петнаесетина убоди. Третманот трае 15 минути. Првите ефекти во редукција на потењето се забележуваат по 4 недели. Ефектите од терапијата на прекумерното потење со ботокс се многу подолготрајни споредено со другите третмани со ботокс кај кои по 4-5 месеци потребно е третманот да се повтори. Кај прекумерното потење тие ефекти траат 7-9 месеци по апликацијата на ботоксот.

**Дали има несакани ефекти?**

- Не постојат сериозни несакани ефекти од примената на ботоксот. Некогаш знае да се јави состојба слична на лесна треска при апликацијата или лесна мускулна слабост, но тие се транзиторни, минуваат лесно.■

ACIBADEM | SISTINA

call center
02 3099 500
www.acibademsistina.mk